ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ

Сл. Весник на Р. Македонија, бр.193 од 06.11.2015 година

Член 1

Во Законот за земјоделски задруги („Службен весник на Република Македонија" број 23/13 и 51/15), во членот 19 став (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за земјоделската задруга ќе му се изрече и на одговорното лице на земјоделската задруга за прекршокот од ставот (1) на овој член."

Во ставот (3) зборовите: „од шест месеци до една година" се заменуваат со зборовите: „до 30 дена".

Член 2

По членот 19 се додава нов член 19-а, кој гласи:

„Член 19-а

Одмерувањето на висината на глобата за земјоделската задруга се врши согласно со Законот за прекршоците."

Член 3

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за земјоделски задруги.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".